# 194. ИЛИНО МОМЕ УБАВО




Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија.
Козите ќе ги продадам
Илино мома да земам.

Илина вели, говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ти чини трлото,
толку ми чини грлото.

Илина вели, говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ми чинат козите,
толку ми чинат косите.

Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија:
Чифликот ќе си продадам,
Илино моме да земам.

Илино моме убаво,
слушај што вели Ѓорѓија,
трлото ќе го продадам,
Илино моме да земам.

Илина вели говори:
Ѓорѓија млади делија,
колку ти чини чифликот,
толку ти чини момето.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995